Киро МАВРОСКИ

# ПРИНЦИПИ И УПАТСТВА ЗА ИЗРАБОТКА НА ИСТОРИСКА КАРТА

Истражувањето и историската анализа на историските настани и процеси се одвива во хоризонтала и вертикала. Хоризонталното истражување и иследување го опфаќа просторниот (географскиот аспект), додека вертикалното истражување го опфаќа временскиот аспект и последователност на историските настани. И едниот и другиот аспект го даваат сè вкупниот спој на историјата и со нивното заемно дејство придонесуваат за комплетниот приказ на историската вистина. Секој од овие аспекти на историско иследување има свои особености и карактеристики, со свои позитивни и негативни страни, од што произлегува потребата од нивното заемно третирање, со што, историската вистина би била поцелосна и појасна.

Секој од овие аспекти има свои различни видови на израз со свои позитивни и негативни карактеристики. Сепак, како највпечатлив начин на изразување на хоризонталниот аспект од историската дејствителност претставува историската карта со целокупната своја изразност и шареноликост. Тука би напомenale дека историските карти може да се поделат во повеќе групи, и тоа:

- политички;
- воени;
- стопански;
- етнографски итн.

Самата оваа шареноликост која се гледа од претходната поделба, покажува дека со историските карти може нагледно да се илустрира речиси секој аспект на човековото живеење, иако за жал многу често се избегнува нивната изработка поради повеќе причини. Тука пред сè станува збор за техничката тешкотија за нивна изработка која повлекува со себе други проблеми кои произлегуваат не само од професионалните квалитети на историчарот, туку се поврзани и со познавања на други научни гранки и технички дисциплини и тешкотии во кои би можеле да ги вброиме: изборот на основата[1] на историската карта и нејзиниот конечен изглед од аспект на

[1] Под основа ја подразбираме основната позадина на која ќе бидат поставувани симболите и условните знаци и која во суштина ја дефинира историската карта и ѝ дава комплетна изразна содржина.

содржајност и комплетност, начин на обработка на податоците и начин како да се презентираат акумулираните податоци.

Земајќи ја во обѕир аксиомата „една слика[2] вреди илјада зборови“, следува дека недостатокот на илустративен материјал повлекува пропорционално зголемување на текстуалниот дел како би се илустрирал еден воен поход, едно востание, или последователна низа од воени судири, планови за напад и одбрана или пак преглед на вооружен судир. Употребата на многу зборови за објаснување на вакви настани, го оптоварува текстот и неговото восприемање од страна на читателот. Со употребата на историска карта се здобиваме со неколку предности и тоа:

- оптимизирање и олеснување на текстуалниот дел;
- нагледна контрола на презентираните текстуални содржини;
- полесно восприемање на деталите за одреден историски настан, процес или состојба;
- практично согледување на причините за одредени настани, појави или процеси.

Од сето ова произлегува дека изработката и употребата на историската карта има многу позитивни, а пред сè, нагледни страни во проучувањето на историската вистина.[3]

Секако, не е едноставно да се подготви една историска карта која би била во склоп на обработуваната тема. За да може да се направи соодветна историска карта, потребно е да се поминат следните чекори:

1. Прецизно да се дефинира и обмисли содржината на картата за да може да ја реализира поставената цел, како дефинирање на тематската содржина (настан, воена акција, стопански показатели итн.);
2. Обмислување на основата врз која ќе биде изведена историската карта (нема карта, хидрографска карта, географска карта итн.) и елементите кои ќе бидат претставени на неа (симболи, ознаки, условни знаци итн.);
3. Практично реализирање на историската карта (избор на техника) и нејзино оживотворување.

## Чекор 1: Дефинирање и обмислување на содржината

Дефинирањето и обмислувањето на содржината на историската карта не би требало да биде сфатено како цел сама за себе, односно да се инсистира на изработка на историска карта, а да се занемарат обработуваните содржини. Тоа би требало да биде обостран процес, бидејќи при обработката на некоја историска содржина, историската карта станува сама по себе потреба која треба да се пренесе. Имено, при обработка на воен судир за кога има доста податоци за да може да се изврши графичка реконструкција, са-

[2] Преку сликата е направена паралела која се однесува на историската карта.

[3] Види The Penguin World Atlas of History кој дава еден извонреден историски преглед преку историски карти пропратени со кратки информации.

мо по себе станува нужно тие податоци да станат понагледни, односно самата обработка наметнува потреба за нивно презентирање во вид на историска карта.[4]

Исто така, не само за воени судири, туку и доколку се работи за стопански приказ, со самата употреба на историска карта со приказ на географската површина и на добро обмислени графикони и статистички параметри би било сосема јасна нивната функција. Така, веднаш ќе стане видлива споредбата меѓу планински и рамничарски региони, региони со руда и без неа, богати или сиромашни, населени или ненаселени, стопанско развиени итн. Од самото тоа произлегува дека содржината на историската карта во најголем случај зависи од обработуваниот материјал и таа треба да биде во негова функција, а не цел сама за себе.

Од претходно изнесеното, може да се предвиди текот на обработката на историска карта, а тој е:

- тематско определување на историската карта;
- колектирање на податоци вредни да се напоменат во историската карта;
- селектирање на податоците;
- пренесување на податоците во историската карта.

Овој процес на осмислување на историската карта и нејзината содржина, напоменуваме дека би требало да биде последица од веќе обработениот историски настан или процес, односно последица на веќе обработениот материјал. Но, тоа не значи дека повремено изработката на историска карта не може да има и друг тек. Имено, во текот на обработката на некој историски настан, дополнително се појавуваат нови податоци или идеи за нивно поквалитетно графичко претставување, или пак за промена на податоците кои се презентирани во неа. Но, сепак, треба „да се влезе во водата за да се почувствува“, односно самиот материјал, односно познанието на историскиот настан ќе го диктира настанокот на една историска карта и нејзиниот изглед.

## Чекор 2: Обмислување на основата на историската карта и нејзините елементи

Откако ќе се соберат информациите потребни за настанокот на историската карта, веднаш се судираме со еден проблем: како и на кој начин да бидат презентирани колектираните и разлачените податоци, а сепак да бидат графички и содржински квалитетно претставени, за да можат во целост да си ја извршат функцијата на нагледност, квалитетен и прецизен графички приказ. Тука би требало да се земе во предвид и фактот дека изборот на основата треба да биде соодветен на презентираната содржина. Така, доколку би се анализарала на пример Скопската Котлина, не би имало потреба да се

[4] Види на пример: Д. Ангелов, Б. Чолпанов, Българска военна история през средновековието X-XV век, БАН, София, 1994.

употреби основа на која би се наоѓал на пример и Солун. Доколку пак од таква карта се извади делот кој ни е потребен, како во примеров Скопска Котлина, на конечно изработената историска карта ќе имаме непропорционален однос на позадината и поставените знаци и забелешки во историската карта што ќе има конечен негативен ефект при изработката на конечниот резултат и неговото презентирање.[5] Тоа е можеби и еден од најголемите проблеми за квалитетна изработка на историската карта. Затоа, ние би предложиле една условна поделба на основата за историска карта според територијата опфатена на неа:

- општинска или регионална;
- државна;
- дел од континент или континентална;
- светска.

Ваквата поделба можеби е грубо направена, но сепак е во функција на нејзината содржина, затоа што не би требало да има поголем територијален приказ од потребното, а сепак да биде доволно јасно назначен за да се согледаат потребните податоци од неа. На овој начин се постигнуваат две цели: се дава прецизен и нагледен приказ на содржините и се скратува времето за изработка на историската карта со одбегнувањето на непотребните делови или податоци на неа.

Тоа веднаш го повлекува и проблемот на употребената позадина, односно, изгледот на историската карта. Како позадина (основа) на историската карта може да се употреби:

- **Топографска карта**-за историски карти каде е потребен мал размер, односно за карта каде е претставена општина, град или регион, шема на населба или пак детален приказ на воен судир за да може да се согледаат сите негови аспекти како висински точки, позиции итн.
- **Географска карта**-за историски карти со широк ареал на употребливост од сите типови, но притоа, како што претходно напоменавме треба да се внимава на соодветноста на одбраната основа со третираната тема.
- **Нема географска карта**-за историски карти на кои треба да се гледаат реоните кои се споредуваат, односно за статистички споредби, развој на области, односно за карти кои ги третираат стопанските показатели.
- **Карта со хидрографска мрежа**-најупотребувани и може да се употребат за каков било облик на историска карта.

Кај сите видови карти треба да се внимава пред сè на географските промени кои настанале во меѓувреме, односно не би можеле да користиме современа географска карта за приказ на настани од антика или од среден

[5] Спореди: Ванче Стојчев, Воена историја на Македонија (скици), Скопје, 2000, 60-61. Дадените скици третираат слична тематика, но сепак скицата на стр. 60 поради несоодветниот избор на позадина делува неизбалансирано меѓу позадината и внесените условни знаци.

век од проста причина што во меѓувреме има настанати географски промени како: појава на вештачки езера, исушување на мочуришта, блата или езера, пробив на нови патишта итн. Сите тие елементи доколку има можност би требало да бидат елиминирани од употребената основа, односно да бидат дополнети на основата, за конечниот продукт да биде што е можно поблизок до времето кое треба да го претстави.

Откако ќе биде избрана основата на историската карта, се поставува следното прашање: Што би требало да има назначено на историската карта како би можела да ја исполни својата улога во целост, односно кои елементи треба да ги има? На тоа прашање е многу тешко прецизно да се одговори, затоа што пред сè, содржината на историската карта ги диктира потребните елементи, а притоа авторот има релативно голема слобода во изборот на условните симболи и содржината.[6]

Авторот треба да има предвид дека употребените симболи треба да бидат едноставни и асоцијативни со претставените содржини, а притоа со нивната симболика да бидат внесени во легендата која би требало да биде во склоп на картата. Доколку за изработка биде користен компјутер и некоја од графичките програми (Corel Draw, Adobe Ilustrator, Adobe Photoshop итн.) би било практично да се употребат фонтови кои содржат голем дел од знаците кои најчесто се користат за оваа намена. Тука би напоменал неколку доста фреквентни: Map simbols, Webdings, WingDings, Wingdins 3 итн. (види слики), покрај кои постојат и голем број специјализирани фонтови со воена тематика (воени орудија, воена техника, војници итн.).



*Map simbols*



*Webdings*

[6] Велиме релативно поради повеќе причини. Имено, доколку се работи за изработка на историски карти со воена содржина, односно воени историски карти, при нивната изработка потребно е да се користат условни знаци кои се општоприфатени, види Табела бр. 1-4. Сп. www.army.mil/cmh-pg/books/wwii/11-4/ Basic Military Map Symbols.htm; www.ibiblio.org/hyperwar/maps/ HyperWar Map Symbols.htm како и www.personalpages.tds.net/~mcozart/bwsym.html каде се презентирани во вид на скенирани слики стандардите за изработка на НАТО воени карти. Но, и покрај тоа, при изработката на воено историски карти, може да се употребат и графички симболи кои не се стандардизирани, а кои сепак и даваат на картата поголема прегледност и описност, како што се симболи на одредени воени орудија како подморници, авиони, бомби итн. Види: В. Стојчев, op.cit, 40, 85. Во склоп на оваа проблематика е и изборот на бои со кои ќе бидат означувани еди-



*WingDings*



*Wingdins 3*

Покрај овие фонтови кои ги напоменувам, има и други кои би било корисно да се употребат, но сепак повторувам дека конечниот избор на ознаки и начинот на нивна изработка во голема мера зависи од авторот. При изборот на знаците треба да се внимава на овие работи:

1. Употребените знаци треба да се асоцијативни со нивната презентирана и објаснета во Легендата содржина.
2. Употребата на знаците треба да е конзистентна, односно доколку се работат повеќе карти, знаците треба да имаат исто значење на сите изработени карти.
3. Сите употребени знаци би било посакувано да бидат објаснети во Легендата која треба да е постојано придружен елемент на секоја историска карта (види табели 1-4 и ).

*Табела бр. 1. Основни симболи за воени мапи*

| | |
|---|---|
| Противавионска артилерија |  |
| Армиски воздушни сили |  |
| Артилерија со исклучок на противвоздушна и крајбрежна артилерија |  |
| Коњаница |  |

ниците. Според правилата за изработка на воена карта, со сина боја се обележуваат сопствените или пријателските сили, додека со црвена боја се обележуваат противничките, односно непријателските сили, а додека пак црната боја е резервирана за знаците и кратениците. Но, тука доаѓа до конфликт со историската ситуација, на пример при изработка на воена историска карта со преглед на битката за Ленинград од Втората светска војна, или пак операции од Солунскиот фронт од Првата светска војна.

Доколку пак се настојува да се добие историска карта со комплетен изглед на географска или пак топографска карта, би било посакувано изборот на симболите да биде во согласност со важечките норми за изработка на вакви карти. Види: www.USGS Mapping Information Topographic Map Symbols. Тука би ја препорачале и страната www.symbols.net/map/ каде можат да се најдат комплетни информации за изработка на карти, како и да се најдаат соодветни фонтови за нивна изработка.

| | |
|---|---|
| Коњаница, механизирана |  |
| Хемиски сервис |  |
| Крајбрежна артилерија |  |
| Инжињерија |  |
| Пешадија |  |
| Медицински единици |  |
| Сигнални единици |  |
| Транспортни сили |  |
| Ветеринарни единици |  |

*Табела бр. 2. Симболи за големина на единиците*

Овие симболи се ставаат внатре во знакот за единицата или пак над знакот кој ја идентификува единицата и ја покажуваат големината на единицата.

| | |
|---|---|
| Група | • |
| Одделение | •• |
| Вод | ••• |
| Чета, батерија, воздушна единица | I |
| Баталјон, коњички ескадрон или пак воздушна ескадрила | II |
| Полк | III |
| Бригада | X |
| Дивизија | XX |
| Корпус или воздушни сили | XXX |
| Армија | XXXX |
| Група армии | XXXXX |

*Табела бр. 3. Примери за употреба на симболите*

Буквата или бројот лево до симболот ја покажуваат ознаката на единицата, а десно бројот на единицата кој го имаат во склоп во поголема единица.

| | |
|---|---|
| Чета А, 137 пешадија |  |
| 8-ми полски артилериски баталјон |  |
| Борбена команда А, 1-ва Оклопна дивизија |  |
| Граница меѓу 137-ми и 138-ми пешадиски полк |  |

*Табела бр. 4. Вооружување*

| | |
|---|---|
| Пушкомитралези |  |
| Топ |  |
| Топовска батерија |  |
| Тенк |  |
| Самоодни орудија |  |

## Чекор 3: Изработка на историска карта

Откако ќе се дефинира содржината на историската карта и ќе се предвиди нејзиниот изглед следи извршувањето, односно финализирањето на идејата за графичка претстава. Пред сè, како најважен дел претставува изборот на начинот како ќе се реализира, со мануелна изработка (на паус, хартија итн.) или пак со компјутер со некоја графичка програма (Corel Draw, Adobe Ilustrator, Adobe Photoshop итн.), макар што тоа може да се изведе и со поедноставни програмски пакети како што е Microsoft Office, иако тоа е малку потешко и понезгодно за работа. Предноста на употребата на компјутер е евидентна и нема потреба да се образложува на ова место.

Тука веќе мора да се напомене дека доколку претходните чекори правилно се изведат, односно изборот на податоците и изборот на позадина бидат правилно изведени, начинот на презентирање и исцртување на историската карта останува како релативно мала задача и зависи пред сè од верзираноста кон овој тип работа. Тука, во продолжение ќе ги напоменеме само оние работи на кои особено треба да се внимава при работата:

- Проверка на точноста на податоците за локалитетите, затоа што често се случува поставениот локалитет на картата да не се наоѓа на претставеното место (види слики за Прилеп);
- Внимателно избирање на условните симболи како не би дошло до забуна кај читателот на историската карта;
- Внимателно изведување на Легендата со прецизно изнесување на информациите потребни за снаоѓање со неа;
- Внимателно изнесување на податоците на картата, претпазливо одбегнувајќи ги проблемите кои би ја комплицирале употребата

и објаснувањето на историската карта, што е поврзано со правилниот избор на позадина, нејзиниот размер, изглед, содржина.

Покрај тоа, би било корисно за читателот историската карта да биде пропратена и со дополнителни графички информации како што се слики, сателитски снимки, цртежи и сѐ она што би направило комплетен визуелен впечаток за читателот.

Така, кога би се говорело за Прилеп, би било убаво покрај графичкиот преглед на Прилеп да има и цртеж на градот, или пак некој друг елемент како слика од фреска на Крали Марко итн. (види прилог за Прилеп). Доколку пак на пример би била разгледувана Виница, истото може да се примени и за тука, притоа додавајќи и некои фотографии кои би ја дополниле графичката претстава, како на пример: сателитска снимка за прецизен преглед на положбата на населбата, фотографии или цртежи од историското наследство.

Во прилог се дадени и две бланко карти изработени од авторот на овој текст за да Ви помогнат и ја олеснат изработката на историските карти.

# Прилози




*Прилеп-според Д. Ангелов и Б. Чолпанов, Българска военна история*




*Прилеп-според И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини од Македонија, Скопје, 1996*




*Употреба на комбинација од топографска карта и карта со хидрографска мрежа со детална легенда за подобар и поцелосен приказ (Д. Ангелов и Б. Чолпанов, Българска военна история)*




*Употреба на комбинација од топографска карта и политичка карта со основна хидрографска мрежа со детална легенда за подобар и поцелосен приказ (Д. Ангелов и Б. Чолпанов, Българска военна история)*



*Македонија - цртеж К. Мавроски*




*Балкански Полуостров - цртеж К. Мавроски*